**Меѓународна ликовна колонија „Марко Цепенков“**
**Дрен**



# 2022

**НУЦК „Марко Цепенков“ Прилеп**


**Република Северна Македонија**
**Министерство за култура**

**МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ДРЕН 2022“**

Одамна заборавеното чувство на возбуда и нетрпелливост струеја низ воздухот. Гласно одекнуваа поздравите меѓу старите пријателства. Окуражени од нивната возбуда и искрена радост, новодојдените со леснотија и ведрина се вклучуваа во разговорите. Нивните насмевки навестуваа ветувачки почетоци.

Приспособувајќи се на возбудливиот и пријатен амбиент, присутните уметници се присетуваа на долгогодишните меѓусебни дружби остварени за време на претходните изданија на дренската колонија. Тоа утро, топлото утешувачко кафе ги пробуди нивните творечки и креативни пориви. Некои, разговараа за драгоцените сеќавања. Други пак, тивко шепотеа откривајќи ги своите следни творечки инспирации и идеи. Топлите јулски денови и пријатните свежи вечери минуваа исполнети со џагор и одѕвонувачка смеа. Одвреме-навреме, разговорливите гласови кои создаваа врева мигновено стивнуваа и целосно исчезнуваа. Во тие моменти, препуштени на музичките ноти, секој творец обземен од личната творба тивко потонуваше во втрлогот на сопствената креативна имагинација. Како плима и осека, растеа и се намалуваа творечките мисловни и емотивни бранови. Со нивната волшебност и ритимичност неповторливо делуваа и оставаа невидлив отисок во просторно-временскиот континиум. Во ноќните часови, осветленото космичко небо пленеше со својата ѕвездена раскошност нудејќи ронка оддив.

Скулпторите предводени од личните вајарски афинитети ги избраа соодветните материјали и изработија скулптури во разни димензии од – дрво, мермер и метал. Изразувајќи ги своите творечки пориви и антиципирајќи ги бескрајните можности на многубројните техники: молив, туш, пастел, колаж и акрил, ликовните уметници сликаа во стиловите: геометриска апстракција, апстрактен експресионизам и фигурација.

На меѓународната ликовна колонија **„ДРЕН 2022“** учествуваа дваесет и двајца уметници и седум скулптори кои создадоа околу триесет дела: Александра Богоеска, Бане Наумоски, Беди Ибрахим, Бојана Артиновска - Трпческа, Бони Барутовска, Верче Николоска, Викторија Димеска, Дамјан Ѓуров, Елена Ѓуров, Марјан Стојаноски, Методи Исков, Мирослав Живковиќ од Србија, Олгица Антовска, Павлина Илијеска, Росица Лазеска, Сарита Конеска, Славчо Павлоски, Слободан Милошевски, Стефан Анчевски, Филип Јовески, Филип Перески и Александар Џинго.

Самостојната изложба (прво самостојно претставување во градот Прилеп ) на професорот Мирослав Живковиќ од Србија со наслов **„Имагинарни предели“** беше организирана во рамките на 14-тото издание на Меѓународната ликовна колонија **„ДРЕН 2022“**. Изложбата ја сочинуваа дваесет и седум асоцијативно-апстрактни пејзажи изработени во комбинирана техника врз хартиена подлога.

Со континуираното организирање и остварување на Меѓународната ликовна колонија **„ДРЕН 2022“,** се потврдува неопходноста на настан од овој размер на современата ликовна сцена. Нејзиното значење произлегува од постојаната творечка потреба на уметниците за креативен развој и општествена афирмација. **„ДРЕН 2022“** ја трансцедентира сопствената автономна форма од традиционален настан и преминува во вонвременско-просторна школа која ги антиципира и промовира најсовремените ликовни трендови.

**Автор на текст:** Викторија Димеска,
Историчар на уметност



Ибрахим Беди
Република С. Македонија





Марјан Стојаноски
Република С. Македонија





Александар Џинго
Република С. Македонија





Мирослав Живковић
Републикa Србија





Олгица Антовска
Република С. Македонија





Бони Барутовска
Република С. Македонија





Елена Ѓурова
Република С. Македонија






Александра Богоеска

Република С. Македонија





Славчо Павлоски
Република С. Македонија





Бојана Артиновска-Трпческа
Република С. Македонија





Методи Исков
Република С. Македонија






Росица Лазеска
Република С. Македонија





Слободан Милошески
Република С. Македонија





Стефан Анчевски
Република С. Македонија







Сарита Конеска
Република С. Македонија





Благојче Наумоски
Република С. Македонија





Дамјан Ѓуров
Република С. Македонија





Вера Николоска
Република С. Македонија





Филип Јовески
Република С. Македонија





Филип Перески
Република С. Македонија





Павлина Илијеска
Република С. Македонија





Викторија Димеска
Република С. Македонија



Проектот е финансиран од Министерство за култура
на Република С. Македонија

Фотографија:Каролина Мицевска

Печати: КИТО ДОО Прилеп
Тираж: 100 примероци

Организација: Марјан Стојаноски - Светлана Дукоска

Дизајн и графичка подготовка: Марјан Стојаноски

Издавач:НУЦК „Марко Цепенков“ Прилеп
За издавачот: Јасмина Мицовска Станкоска